**УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” – ШТИП**
**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**

# УПРАВУВАЊЕ СО РАЗВОЈОТ НА ЕКОНОМСКИТЕ РЕГИОНАЛНИ СИСТЕМИ: ЕВРОАЗИСКА ПЕРСПЕКТИВА

## VI Меѓународна научна и практична конференција

# УПРАВЛЕНИЕ РАЗВИТИЕМ ЭКОНОМИЧЕСКИХ И РЕГИОНАЛЬНЫХ СИСТЕМ: ЕВРАЗИЙСКАЯ ПЕРСПЕКТИВА

## VI Международная научно-практическая конференция

30-31 мај 2016 година,
Штип, Македонија
30-31 мая, 2016
Штип, Македония

**ИЗДАВА / ИЗДАТЕЛЬ**

Универзитет „Гоце Делчев“, Економски факултет, Штип, Република Македонија
Университет «Гоце Делчев», Экономический факультет, Штип, Македония

**ОДГОВОРЕН УРЕДНИК / РЕДАКТОР**
Проф. д-р Трајко Мицески

**ГЛАВНИ УРЕДНИЦИ / ГЛАВНЫЕ РЕДАКТОРЫ**
Доц. д-р Благица Колева, Доц. д-р Елена Веселинова, доц. д-р Емилија Митева Кацарски

**УРЕДУВАЧКИ ОДБОР / РЕДАКЦИЯ**
Проф. д-р Трајко Мицески (Р. Македонија, претседател), Доц. д-р Љупчо Давчев (Р. Македонија), Доц. д-р Елена Веселинова (Р. Македонија), Доц. д-р Марија Гогова Самоников (Р. Македонија), Доц. д-р Тамара Јованов Марјанова (Р. Македонија), Доц. д-р Благица Колева (Р. Македонија), Проф. д-р Александар Гачев (Р. Бугарија), Проф. д-р Јово Атељевиќ (Босна и Херцеговина), Проф. д-р Сузана Стефановиќ (Р. Србија), Проф. д-р Мехмет Билгин (Р. Турција), Проф. д-р Никос Хоурвоулиадес (Р. Грција), Доц. д-р Ольга Яскина (Русија).

**ОРГАНИЗАЦИОНЕН ОДБОР / ОРГАНИЗАЦИОННЫЙ КОМИТЕТ**
Проф. д-р Трајко Мицески, Проф. д-р Ристе Темјановски, Проф. д-р Круме Николовски, Проф. д-р Оливера Ѓоргиева – Трајковска, Проф. д-р Еленица Софијанова, Проф. д-р Јанка Димитрова, Доц. д-р Љупчо Давчев, Доц. д-р Елена Веселинова, Доц. д-р Марија Гогова – Самоников, Доц. д-р Тамара Јованов – Марјанова, Доц. д-р Емилија Митева – Кацарски, Доц. д-р Благица Колева, Доц. д-р Стеван Габер, Доц. д-р Илија Груевски, Доц. д-р Дарко Лазаров, Проф. д-р Роман Власов, Доц. д-р Алена Позаженикова, Проф. д-р Ердоган Ѓунџуполат.

**ЛЕКТУРА / КОРРЕКТУРА**
Даница Гавриловска-Атанасовска
(македонски јазик)
Проф. д-р Костадин Голаков
(русский язык)

**ТЕХНИЧКО УРЕДУВАЊЕ / ТЕХНИЧЕСКИЙ РЕДАКТОР**
Славе Димитров
Благој Михов

**РЕДАКЦИЈА И АДМИНИСТРАЦИЈА / РЕДАКЦИОННЫЙ И АДМИНИСТРАЦИЯ**
Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип
Економски факултет
бул. „Крсте Мисирков“ бб
п.фак 201, 2000 Штип, Република Македонија

Университет «Гоце Делчев» - Штип
Экономический факультет
бул. «Крсте Мисирков» бб
п.фак 201, 2000 Штип, Македония

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски”, Скопје

33(4+5)(062)

МЕЃУНАРОДНА научна и практична конференција Управување со развојот
на економските регионални системи (6 ; 2016 ; Штип)
Управување со развојот на економските регионални системи :
Евроазиска перспектива / VI Меѓународна научна и практична
конференција, 30-31 мај, 2016 година, Штип, Македонија = Управление
развитием éкономических и регионалЬных систем : Евроазийская
перспектива / VI Meždunarodnaja naučno-praktičeskaja konferencija, 30-31 maja, 2016, Štip, Makedonija. - Штип :
Универзитет Гоце Делчев = Штип = Университет Гоце Делчева, 2017. - 370 стр. : табели ; 25 см
Трудови на мак., и рус. јазик. - Библиографија кон трудовите

ISBN 978-608-244-374-4

I. Международная научно-практическая конференция Управление
развитием éконом ических и регионалЬных систем (6 ; 2016 ; Штип) види
Меѓународна научна и практична конференција Управување со развојот на економските регионални системи (6 ; 2016 ; Штип)
а) Економија - Развој - Европа - Азија - Собири
COBISS.MK-ID 102620938

«Высшая бизнес-школа» Омского государственного педагогического университета (Россия, Омск)

Университет им. Гоце Делчева (Македония, Штип)

**“Higher Business School” OmSPU, Russia, Omsk**

**“Goce Delcev” University, Macedonia, Stip**

Управление развитием экономических и региональных систем: Евразийская перспектива

**Managing the development of economic and regional systems: an Eurasian perspective**

VI Международная научно-практическая конференция

**VI International scientific and practical conference**

30-31 мая, 2016

Штип, Македония

**30-31 May, 2016**

**Stip, Macedonia**

“Goce Delcev” University, 2016

“Higher Business School” OmSPU, Russia, Omsk

“Goce Delcev” University, Macedonia, Stip

VI International scientific and practical conference

**Managing the development of economic and regional systems: an Eurasian perspective**

30-31 May, 2016 Stip, Macedonia

“Высшая бизнес-школа” Омского государственного педагогического университета (Россия, Омск)

Университет им. Гоце Делчева (Македония, Штип)

VI Международная научно-практическая конференция

**Управление развитием экономических и региональных систем: Евразийская перспектива**

30-31 мая, 2016 Штип, Македония

„Висока бизнис школа“ Омск Државен педагошки универзитет (Русија, Омск)

Универзитет „Гоце Делчев“ (Македонија, Штип)

VI Меѓународна научна и практична конференција

**Управување на развојот на економските и регионалните системи: евроазиски изгледи**

30-31 мај 2016 година, Штип, Македонија

Copyright © 2016

# СОДРЖИНА

**Р.Г. Власов**
**ЕВРАЗИЙСКОЕ ЭКОНОМИЧЕСКОЕ ПРОСТРАНСТВО: УПРАВЛЕНИЕ РЕГИОНАЛЬНО-ЭКОНОМИЧЕСКИМИ СИСТЕМАМИ, ГЕОЭКОНОМИЧЕСКИЕ ВЫЗОВЫ, МОДЕЛИРОВАНИЕ УСТОЙЧИВОГО РАЗВИТИЯ ……………………12**

**Ю.Л. Муравьев**
**ГОСУДАРСТВЕННАЯ ПРОМЫШЛЕННАЯ ПОЛИТИКА КАК ОСНОВНОЕ УСЛОВИЕ ПРЕОДОЛЕНИЯ ЭКОНОМИЧЕСКОГО КРИЗИСА В РОССИИ……………........... 28**

**М.Л.Калужский**
**ГОРИЗОНТЫ РОССИЙСКО-МАКЕДОНСКИХ ЭКОНОМИЧЕСКИХ СВЯЗЕЙ В СЕТЕВОЙ ЭКОНОМИКЕ……………...…35**

**Ю.В.Крупенич,Н.Ю.Симонова**
**ТЕОРЕТИЧЕСКИЕ АСПЕКТЫ ИСПОЛЬЗОВАНИЯ ГОСУДАРСТВЕННО-ЧАСТНОГО ПАРТНЕРСТВА В РОССИЙСКОЙ ФЕДЕРАЦИИ………………..............……43**

**А.А. Сапунков**
**ПРЕПЯТСТВИЯ РАЗВИТИЮ ПРЕДПРИНИМАТЕЛЬСТВА В РОССИИ (ОПЫТ СУДЕБНОЙ РЕФОРМЫ II–ОЙ ПОЛОВИНЫ XIX ВЕКА, КАК ПРИМЕР ПРЕОДОЛЕНИЯ ИНСТИТУЦИОНАЛЬНОЙ ОТСТАЛОСТИ)……………..………….49**

**Ю.С. Попова**
**АНАЛИЗ КОНКУРЕНТОСПОСОБНОСТИ РОССИЙСКИХ БАНКОВ НА РЫНКЕ КРЕДИТОВАНИЯ КРЕДИТНЫМИ КАРТАМИ ……………..........……55**

**T.Miceski, E.Veselinova**
**СИГНАЛИЗИРАЊЕТО НА НАТАЛИТЕТОТ И ОЧЕКУВАНОТО ТРАЕЊЕ НА ЖИВОТОТ ВО Р.МАКЕДОНИЈА И РУСИЈА ЗА КРЕИРАЊЕТО НА СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ НА ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ………………..............……60**

**Riste Temjanovski**
**TRANSPORT INFRASTRUCTURE AND NEW GEO-ECONOMIC AND GEOPOLITICS CONTOURS: LINKS OR GAPS………………......……71**

**А.А. Желомко**
**МЕДИАЦИЯ В КОНФРОНТАЦИОННОМ МЕНЕДЖМЕНТЕ И РАЗВИТИЕ МЕДИАЦИОННОЙ КОМПЕТЕНТНОСТИ УПРАВЛЕНЦА………………..................…80**

**О.А. Яскина, Н.С. Сосименко,Е.Н. Арбузова**
**ИННОВАЦИОННАЯ МОДЕЛЬ СИСТЕМЫ ПОДГОТОВКИ КАДРОВ ДЛЯ УПРАВЛЕНИЯ РАЗВИТИЕМ БИЗНЕСА НА ПРИМЕРЕ ВЫСШЕЙ БИЗНЕС-ШКОЛЫ ОМГПУ………………...............84**

**Е.Д. Ветчинкина, Р.Г. Власов**
**СТРАТЕГИЧЕСКОЕ УПРАВЛЕНИЕ ОБУЧЕНИЕМ И РАЗВИТИЕМ ПЕРСОНАЛА НА ПРЕДПРИЯТИЯХ ОБОРОННО-ПРОМЫШЛЕННОГО КОМПЛЕКСА………………..................89**

**М.Н.Гребенщикова**
**МОТИВАЦИОННАЯ СРЕДА КАК УСЛОВИЕ РАЗВИТИЯ ПРОФЕССИОНАЛЬНОЙ АКТИВНОСТИ ПЕДАГОГОВ……………………………………….......95**

**Ю. П. Денисов**
**ИМИДЖ СОВРЕМЕННОГО ВУЗА В КИБЕРПРОСТРАНСТВЕ КАК ФАКТОР КОНКУРЕНТОСПОСОБНОСТИ………………………………………………………......103**

**А.Г. Гусев, А.А.Желомко**
**ПРОБЛЕМЫ ОЦЕНКИ ПЕРСОНАЛА В НОВЫХ ЭКОНОМИЧЕСКИХ УСЛОВИЯХ РОССИИ……………………………………………………………………………....109**

**А.А Димитрюк**
**К ВОПРОСУ О СТРАТЕГИЧЕСКОМ УПРАВЛЕНИИ ЧЕЛОВЕЧЕСКИМИ РЕСУРСАМИ ПРЕДПРИЯТИЯ…………………………………………….....114**

**Д.Н.Исаенко**
**МОТИВАЦИЯ СОТРУДНИКОВ CALL-ЦЕНТРА ПАО «РОСТЕЛЕКОМ»……………………......118**

**Л.П. Берестовская**
**ОСНОВНЫЕ НАПРАВЛЕНИЯ И ФОРМЫ СТРАТЕГИЧЕСКОГО УПРАВЛЕНИЯ ОБРАЗОВАТЕЛЬНЫМ КОМПЛЕКСОМ МАЛОГО ГОРОДА ЕВРАЗИЙСКОГО ПРОСТРАНСТВА ……………………………………………………..123**

**О.А. Яскина**
**ИММАНЕНТНОСТЬ БИЗНЕС-ОБРАЗОВАНИЯ НА ЕВРАЗИЙСКОМ ПРОСТРАНСТВЕ КАК ГЛОБАЛЬНАЯ ПАРАДИГМА КОНКУРЕНТОСПОСОБНОСТИ НАЦИОНАЛЬНОЙ ЭКОНОМИЧЕСКОЙ МОДЕЛИ………..127**

**Elenica Sofijanova, Tamara Jovanov Marjanova, Davcev, Ljupco**
**COMMITMENT AND POLICY TO QUALITY………………………………………………………...131**

**D. Lazarov, M. Kocovski, N. Stojkovic**
**ПРЕМОСТУВАЊЕ НА ЈАЗОТ ПОМЕЃУ ИНДУСТРИЈАТА И АКАДЕМИЈАТА: КОНЦЕПТУАЛНА АНАЛИЗА СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА СЛУЧАЈОТ НА МАКЕДОНИЈА………………………………………………......136**

**А.В. Посаженникова**
**ИНСТИТУТЫ РЕГИОНАЛЬНОГО РАЗВИТИЯ – ЭКОНОМИЧЕСКАЯ СИСТЕМА ЕВРАЗИЙСКОГО ПРОСТРАНСТВА КАК ИМПУЛЬС НЕО-ИНДУСТРИАЛИЗАЦИИ…………………………………………………………………………...143**

**Ю.В. Куприянов**
**МЕТОДЫ СОВЕРШЕНСТВОВАНИЯ ПЛАНИРОВАНИЯ ПРОИЗВОДСТВЕННОЙ БИЗНЕС-СИСТЕМЫ………………………………………………………………………………..150**

**Н.Ю.Симонова**
**ОСНОВНЫЕ ПРОБЛЕМЫ И ПУТИ РАЗВИТИЯ МАЛОГО ПРЕДПРИНИМАТЕЛЬСТВА В СУБЪЕКТАХ РОССИЙСКОЙ ФЕДЕРАЦИИ…………………...160**

**М.А. Драчук**
**СИСТЕМА ЛОКАЛЬНЫХ НОРМАТИВНЫХ АКТОВ: ВОЗМОЖНОСТИ РАБОТОДАТЕЛЯ И ТРЕБОВАНИЯ ЗАКОНОДАТЕЛЬСТВА……………………………………….166**

**А.В. Шастин, А.В. Посаженникова**
**ИНСТИТУТЫ РАЗВИТИЯ В УСЛОВИЯХ ДОГОНЯЮЩЕЙ ЭКОНОМИКИ……………………..170**

**В.В. Проскурин, V.V. Proskurin**
**МЕТОДИЧЕСКИЕ ИНСТРУМЕНТЫ УПРАВЛЕНЧЕСКОГО КОНСУЛЬТИРОВАНИЯ……………………………………………………………………………..175**

**А.Н. Романова**
**СТРАТЕГИЧЕСКИЙ МАРКЕТИНГ И ЕГО ПРИНЦИПЫ ………………………………….........177**

**А.В.Биньковская, Е.В. Иванова**
**ГОСУДАРСТВЕННО-ЧАСТНОЕ ПАРТНЕРСТВО КАК ФОРМА ВЗАИМОДЕЙСТВИЯ БИЗНЕСА И ВЛАСТИ В РЕГИОНЕ………………………………………..182**

**Г.Н. Галаганова, Е.В. Иванова**
**СТРАТЕГИЧЕСКИЙ МАРКЕТИНГ В СОВРЕМЕННОЙ ОРГАНИЗАЦИИ……………………....187**

**О.Н.Горбунова, Р.Г. Власов**
**МЕТОДИКА ФОРМИРОВАНИЯ ПРОГРАММ РАЗВИТИЯ МУНИЦИПАЛЬНЫХ УЧРЕЖДЕНИЙ НА СОВРЕМЕННОМ ЭТАПЕ……………………………………………………...194**

**С.Ю. Гуща**
**ТЕОРЕТИЧЕСКИЕ АСПЕКТЫ ИНДУСТРИИ EVENT-МАРКЕТИНГА…………………………..198**

**Н.Н. Каштанов**
**РАЗРАБОТКА МЕТОДИКИ РЕЙТИНГОВОЙ ОЦЕНКИ РЕГИОНАЛЬНОГО РЫНКА ТУРИСТСКИХ УСЛУГ (НА ПРИМЕРЕ ОМСКОЙ ОБЛАСТИ)………………………….202**

**Н.Н. Каштанов, Ю.Л. Муравьев**
**ОСОБЕННОСТИ РИСКОВ В СФЕРЕ ТУРИСТСКИХ УСЛУГ……………………………………...208**

**В. В. Лазуткин**
**ПЕРСПЕКТИВЫ РАЗВИТИЯ СОЦИАЛЬНОГО ПРЕДПРИНИМАТЕЛЬСТВА В СОВРЕМЕННОЙ РОССИИ…………………………………………………………………………......212**

**Т.В. Лалетина**
**ПРИЕМЫ НЕЙРОЛИНГВИСТИЧЕСКОГО ПРОГРАММИРОВАНИЯ В РЕКЛАМЕ…………...216**

**К. Р. Магомадова**
**МЕТОДИКА ВЫБОРА СТРАТЕГИИ АНТИКРИЗИСНОГО УПРАВЛЕНИЯ ПРЕДПРИЯТИЯ…………………………………………………………………........220**

**А. С. Селезнева**
**ИСКУССТВО УПРАВЛЕНИЯ И ЕГО ВОЗДЕЙСТВИЕ НА СОЦИАЛЬНЫЙ ОБЪЕКТ………...226**

**Д.С.Толеубаева,Т.Ю. Волгина**
**КЛЮЧЕВЫЕ ФАКТОРЫ КОНКУРЕНТОСПОСОБНОСТИ ЭКОНОМИКИ ЗНАНИЙ ……......230**

**И.А. Хмелев**
**ВОССТАНОВЛЕНИЕ АВТОМОБИЛЬНЫХ ЗАПЧАСТЕЙ, И РЕЭКПОРТ НЕЛИКВИДНОЙ ПРОДУКЦИИ КАК ЭФФЕКТИВНЫЙ СПОСОБ ПОВЫШЕНИЯ УСТОЙЧИВОСТИ РАЗВИТИЯ ПРЕДПРИНИМАТЕЛЬСКОЙ СТРУКТУРЫ НА АВТОМОБИЛЬНОМ РЫНКЕ УСЛУГ АВТОСЕРВИСА…………………………………………......234**

**А.О. Дашковская**
**ОСОБЕННОСТИ КЛАССИФИКАЦИИ КРЕДИТОВАНИЯ ФИЗИЧЕСКИХ ЛИЦ КОММЕРЧЕСКИМИ БАНКАМИ…………………………………………………………….......238**

**А.М. Курманова, Н.Ю. Симонова**
**РАЗВИТИЕ РЫНКА МИКРОФИНАНСОВЫХ УСЛУГ …………………………………….......242**

**А.С. Суворова, Н.Ю.Симонова**
**АНАЛИЗ ФИНАНСОВОЙ УСТОЙЧИВОСТИ ПРЕДПРИЯТИЯ…………………………………… 246**

**А.А. Брычкова, Р.Г. Власов**
**УПРАВЛЕНИЕ И ОРГАНИЗАЦИЯ ПРОЦЕССОВ ОБЕСПЕЧЕНИЯ ФИНАНСОВОЙ УСТОЙЧИВОСТИ ПРОИЗВОДСТВЕННО-КОММЕРЧЕСКОГО ПРЕДПРИЯТИЯ В КРИЗИСНОЙ СИТУАЦИИ НА ПРИМЕРЕ ООО «СибЭК»…………………………………………250**

**А.В. Семенов**
**МОДЕЛИ ПРИНЯТИЯ УПРАВЛЕНЧЕСКИХ РЕШЕНИЙ ДЛЯ РАЗВИТИЯ БИЗНЕСА, ПОИСК ОПТИМАЛЬНОЙ МОДЕЛИ…………………………………………………254**

**В.Н. Зарубина, Р.Г. Власов**
**АНАЛИЗ РАЗВИТИЯ РЫНКА КРЕДИТНЫХ КАРТ НА ПРИМЕРЕ КРУПНЫХ БАНКОВ. ПЕРСПЕКТИВЫ РАЗВИТИЯ РЫНКА КРЕДИТНЫХ КАРТ В РОССИИ…………..259**

**Т.В. Игнатьева**
**СТРАТЕГИЯ РАЗВИТИЯ БИЗНЕСА НА ПРИМЕРЕ ОТРАСЛЕВОЙ ДИВЕРСИФИКАЦИИ АКЦИОНЕРНОГО ОБЩЕСТВА «ОСНОВА ХОЛДИНГ»…………………………………………..265**

**Е.М. Кузнецова**
**КОММУНИКАТИВНЫЕ ОСОБЕННОСТИ ВИРТУАЛЬНОЙ БИЗНЕС-СРЕДЫ РОССИЙСКОГО РЫНКА……………………………………………………………………………..270**

**А.И. Никитина**
**ТЕХНОЛОГИИ И ИНСТРУМЕНТЫ МОДЕЛИРОВАНИЯ КОММУНИКАЦИЙ СРЕДЫ РАЗВИТИЯ ОБРАЗОВАТЕЛЬНОГО ЦЕНТРА С ВНЕШНЕЙ СРЕДОЙ В СИСТЕМЕ УПРАВЛЕНИЯ КАЧЕСТВОМ…………………………………………………………274**

**Н.В. Лисникова**
**МЕХАНИЗМЫ ФОРМИРОВАНИЯ СТРАТЕГИИ РАЗВИТИЯ ОБРАЗОВАТЕЛЬНОГО ЦЕНТРА ЧЕРЕЗ ТЕХНОЛОГИИ УПРАВЛЕНИЯ ИЗМЕНЕНИЯМИ, ГЕНЕРИРУЕМЫМИ СИСТЕМОЙ ОТРАСЛЕВОГО ГОСУДАРСТВЕННОГО РЕГУЛИРОВАНИЯ……………......280**

**С.Ю. Зяблова**
**СТРАТЕГИЯ УПРАВЛЕНИЯ ВНУТРЕННЕЙ СРЕДОЙ ОБРАЗОВАТЕЛЬНОЙ ОРГАНИЗАЦИИ В УСЛОВИЯХ ИНСТИТУЦИОНАЛЬНЫХ ИЗМЕНЕНИЙ…………………...284**

**А.В. Шастин**
**ИСПОЛЬЗОВАНИЕ МЕТОДОВ ПРОЕКТНОГО УПРАВЛЕНИЯ В АГРОПРОМЫШЛЕННЫХ КЛАСТЕРАХ……………………………………………………………..289**

**Emilija Miteva-Kacarski**
**ANALYSIS OF THE TRADE RELATIONS BETWEEN THE REPUBLIC OF MACEDONIA AND RUSSIA……………………………………………………………………........298**

**E. Veselinova, M. Gogova Samonikov**
**СТРАТЕГИСКИ ФАКТОРИ НА КАПИТАЛОТ НА БРЕНДОТ…………………………….....306**

**O. Gjorgieva-Trajkovska, B. Koleva, V. Georgieva Svrtinov**
**ВЛИЈАНИЕТО НА ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА ВРЗ СМЕТКОВОДСТВОТО ………………………..314**

**B. Koleva, O. Gjorgieva-Trajkovska, V. GeorgievaSvrtinov**
**ПРЕДИЗВИЦИ НА МЕНАЏЕРСКОТО СМЕТКОВОДСТВО ВО УСЛОВИ НА ГЛОБАЛИЗАЦИЈА ……………………………………………………………………………..318**

**J. Dimitrova**
**ПРИДОНЕСОТ НА РЕВИЗИЈАТА И РЕВИЗОРСКИТЕ ИЗВЕШТАИ КОН ПОДИГАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА ФИНАНСИСКОТО ИЗВЕСТУВАЊЕ И КОН ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА МЕЃУНАРОДНОТО ДВИЖЕЊЕ НА КАПИТАЛ………………………….324**

**M.Gogova Samonikov, E. Veselinova**
**МЕНАЏИРАЊЕТО СО Е-ФИНАНСИИТЕ КАКО ПРЕДИЗВИК ПРЕД МАКЕДОНСКАТА И РУСКАТА ЕКОНОМИЈА……………………………………………………...332**

**K. Fotova Cikovik ,R. Fotov**
**ВЛЕЗ НА СТРАНСКИ КАПИТАЛ ВО БАНКАРСКИОТ СЕКТОР: АРГУМЕНТИ ЗА И ПРОТИВ…………………………………………………………………...338**

**I. Gruevski, S. Gaber**
**ДАНОЧНИТЕ ТРЕТМАНИ НА ПРИВАТНИТЕ ПЕНЗИСКИ ФОНДОВИ……………………….349**

**V. Vasileva, O. Gjorgieva-Trajkovska**
**ВЛИЈАНИЕТО НА ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА ВРЗ КРЕДИТНИОТ РИЗИК ………………………359**

**Даница Стојановска**
**КРЕИРАЊЕ И ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА СТРАТЕГИИ ВО ИТАЛИЈАНСКИОТ МАЛ БИЗНИС СПОРЕДБЕНО СО МАЛИОТ БИЗНИС ВО МАКЕДОНИЈА……………………364**

УДК: 339.56(497.7:470)”2006/2013”

**Emilija Miteva-Kacarski**
Goce Delcev University, Faculty of Economics, Krste Misirkov St., 10-A, Republic of Macedonia, e-mail: emilija.miteva@ugd.edu.mk

## ANALYSIS OF THE TRADE RELATIONS BETWEEN THE REPUBLIC OF MACEDONIA AND RUSSIA

Russia remains one of the most important economic partners of the Republic of Macedonia. The potential for economic cooperation between the Republic of Macedonia and Russia is huge. The size of the Russian market is a big challenge for Macedonian companies. Taking into account this fact, in this paper it has been made an analysis of the value, dynamics and structure of the foreign trade between the Republic of Macedonia and Russia for the time period of 2006-2013. It has been also analyzed the competitiveness of Macedonian products at the Russian market so that the product categories with a comparative advantage can be determined, using the Standard International Trade Classification and the Balassa Index. The results of the analysis point to the fact the Republic of Macedonia has a comparative advantage in the export of agriculture products, the chemical products, machines and transport equipment.

**Key words**: *The Republic of Macedonia, Russia, foreign trade, comparative advantage, Balassa Index.*

## АНАЛИЗА НА ТРГОВСКИТЕ РЕЛАЦИИ МЕЃУ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И РУСИЈА

**Апстракт.** Русија се вбројува меѓу најзначајните трговски партнери на Македонија. Потенцијалот за економска соработка меѓу Македонија и Русија е огромен. Големината на рускиот пазар е голем предизвик за македонските компании. Имајќи го предвид тој факт, во овој труд е направена анализа на вредноста, динамиката и структурата на надворешнотрговската размена меѓу Република Македонија и Русија за временскиот период 2006-2013 година. Анализирана е и конкурентноста на македонските производи на рускиот пазар заради утврдување на категориите на производи со компаративна предност преку користење на Балаша индексот и Стандардната меѓународна трговска класификација. Резултатите од анализата укажуваат на фактот дека Република Македонија поседува компаративна предност во извозот на земјоделски производи, хемиски производи, како и машини и транспортна опрема.

**Клучни зборови**: *Република Македонија, Русија, надворешнотрговска размена, компаративна предност, Балаша индекс.*

### Вовед

Трговската размена е доминантен облик на економска соработка меѓу Македонија и Русија, а Руската Федерација континуирано е меѓу првите 10 трговски партнери на земјата. Македонија и Русија имаат реални можности за соработка. Македонските компании имаат огромни можности за бизнис зделки на пазарот од 144 милиони потрошувачи. Со цел развивање и унапредување на вкупните трговски односи меѓу двете држави, на 28 мај 1993 година, во Скопје е потпишана Спогодбата за трговија и економска соработка меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Руската Федерација. Иако постојат потенцијали, сепак, размената ниту по обемот, ниту по структурата не е на задоволително ниво. Во насока на интензивирање на економските односи е покрената иницијатива за преференцијален третман, односно за намалени царински стапки при извоз на македонските земјоделско-прехранбени производи, а останува и барањето за потпишување договор за слободна трговија меѓу двете земји. Руските региони се вистински потенцијал за развој на економијата, имајќи го предвид нивниот интерес за прехранбени производи и пијалаци. На повеќето

региони во Русија им недостига агропроизводство, бидејќи почвата не е поволна за одгледување земјоделски производи. Оттаму, а имајќи го предвид фактот дека 65 отсто од прехранбените производи на рускиот пазар се од увоз, македонскиот агрокомплекс може лесно да си го најде интересот и местото на овој пазар.

**Трговската размена меѓу Република Македонија и Русија**

Руската Федерација традиционално е значаен трговски партнер на Република Македонија. Ваквата констатација е поткрепена со фактот што, согласно со расположливите податоци на Државниот завод за статистика на РМ, Русија е петти најзначаен трговски партнер на Република Македонија на страна на увозот, како што е прикажано во графикон 1.

**Графикон 1. Најзначајни увозни партнери на РМ во периодот 2010-2013 (во милиони долари)**




Надворешно-трговската размена меѓу Репбулика Македонија и Руската Федерација е презентирана во табела 1.

**Табела 1. Трговската размена меѓу Македонија и Русија (во илјади долари)**

| | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Извоз | 25,625 | 23,603 | 32,682 | 22,535 | 26,739 | 39,643 | 33,144 | 31,581 |
| Увоз | 569,738 | 638,177 | 932,020 | 495,065 | 552,537 | 684,325 | 362,144 | 163,626 |
| Вкупно | 595,363 | 661,780 | 964,702 | 517,600 | 579,276 | 723,968 | 395,288 | 195,207 |
| Суфицит/дефицит | - 544,113 | - 614,574 | - 899,338 | - 472,530 | - 525,798 | - 644,682 | - 329,000 | -132,045 |
| Покриеност на увозот со извоз | 4.49 | 3.69 | 3.5 | 4.55 | 4.83 | 5.79 | 9.15 | 19.3 |

Анализирајќи ги презентираните параметри во табела 1 се доаѓа до констатацијата дека 2008 година е рекорден показател за динамиката на македонско-руската трговска размена. Меѓусебната трговска размена во 2008 година е 964 милиони долари. Во создавањето на трговскиот дефицит на македонска страна, најголемо влијание имал увозот на суровата нафта. Вредноста на увозот е 932 милиони долари, што во одредена мера се должи на високата цена на нафтата која во 2008 година на светските берзи достигна дури до 140 долари по барел. Ако се погледнат податоците за меѓусебната размена за 2013 година, може да се констатира голем дефицит на македонската страна. Вкупната размена изнесува 195,2 милиони долари, при што од Република Македонија се извезени производи во вкупна вредност од 31,5 милиони долари, додека во истиот период од Руската Федерација се увезени производи во вредност од 163,6 милиони долари. Намалувањето на вредноста на извозот од Македонија во Русија во 2013 година, во однос на 2011 година, се должеше на падот на вредноста на

рубљата и кризата во Русија. Според податоците од Македонско-руската стопанска комора во тој временски период беа одложени нарачките, бидејќи увозниците очекуваа стабилизација на вредноста на руската валута. Споредувајќи го периодот од 2006 до 2013 година, во надворешно-трговската размена меѓу Република Македонија и Руската Федерација, може да се забележи константен трговски дефицит на македонска страна. Најголемиот трговски дефицит е забележан во 2008 година во износ од 899 милиони долари.

Согласно со Стандардната меѓународна трговска класификација – ревизија 4, извозот од Република Македонија во Русија во апсолутни износи е прикажан во табела 2.

**Табела 2. Извоз од Република Македонија во Русија (во илјади долари)**

| Производи | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Храна и живи животни | 1,585 | 2,507 | 4,943 | 3,060 | 5,326 | 13,167 | 8,562 | 8,541 |
| Пијалаци и тутун | 2,322 | 2,600 | 1,980 | 299 | 446 | 292 | 1,790 | 1,419 |
| Суровини (кои не се храна) освен гориво | 0 | 0 | 0 | 42 | 0 | 0 | 39 | 326 |
| Минерални горива, мазива и сродни производи | 7 | 17 | 0 | 22 | 7 | 24 | 16 | 0 |
| Животински растителни масла, масти и восоци | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Хемиски и сродни производи | 8,272 | 5,160 | 7,782 | 10,819 | 11,598 | 13,163 | 10,850 | 10,675 |
| Производи класирани според материјалот | 125 | 2,652 | 6,907 | 3,974 | 4,490 | 7,579 | 5,232 | 1,868 |
| Машини и транспортни уреди | 13,238 | 10,658 | 10,915 | 4,295 | 4,670 | 5,214 | 6,246 | 7,960 |
| Разни готови производи | 75 | 0 | 143 | 1 | 199 | 194 | 409 | 792 |
| Стоки и трансакции некласирани на друго место во СМТК | 1 | 9 | 12 | 23 | 3 | 10 | 0 | 0 |
| Вкупно | 25,625 | 23,603 | 32,682 | 22,535 | 26,739 | 39,643 | 33,144 | 31,581 |

Податоците од табелата укажуваат на фактот дека во анализираниот временски период, најмногу од Република Македонија во Русија се извезуваат лекови за малопродажба, овошје и зеленчук, вино, феросилициум, делови и прибор за каросерии, производи од камен или други минерални материи и други машини, уреди и опрема и други делови и прибор за моторни возила. Според податоците од Државниот завод за статистика на Република Македонија за трговската размена во 2013 година, најголем дел од извозот на Македонија во Русија отпаѓа на фармацијата, односно на извозот на лекови и тоа во вкупна вредност од 10,5 милиони долари, по нив следат прехранбените производи кои во 2013 година се извезени во вредност од 9,6 милиони долари, а доминира овошјето со 4,8 милиони долари, виното со 1,4 милиони долари, грозјето е на трето место со 1,8 милиони долари и зеленчукот со 1,2 милиони долари. Извозот на производи од машинската индустрија изнесува 7,3 милиони долари. [11, p. 72]

Процентуалната застапеност на различните категории на производи во структурата на вкупниот извоз на Република Македонија во Русија е прикажана во табела 3.

**Табела 3. Извоз од Република Македонија во Русија (во проценти)**

| Производи | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Храна и живи животни | 6.185 | 10.620 | 15.124 | 13.578 | 19.918 | 33.213 | 25.832 | 27.044 |
| Пијалаци и тутун | 9.061 | 11.014 | 6.058 | 1.326 | 1.667 | 0.736 | 5.400 | 4.493 |
| Суровини (кои не се храна) освен гориво | 0.000 | 0.000 | 0.000 | 0.186 | 0.000 | 0.000 | 0.117 | 1.032 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Минерални горива, мазива и сродни производи | 0.027 | 0.072 | 0.000 | 0.097 | 0.026 | 0.060 | 0.048 | 0.000 |
| Животински растителни масла, масти и восоци | 0.000 | 0.000 | 0.000 | 0.000 | 0.000 | 0.000 | 0.000 | 0.000 |
| Хемиски и сродни производи | 32.282 | 21.859 | 23.810 | 48.007 | 43.374 | 33.203 | 32.735 | 33.801 |
| Производи класирани според материјалот | 0.487 | 11.234 | 21.133 | 17.634 | 16.791 | 19.118 | 15.785 | 5.914 |
| Машини и транспортни уреди | 51.662 | 45.151 | 33.396 | 19.058 | 17.465 | 13.152 | 18.845 | 25.209 |
| Разни готови производи | 0.292 | 0.000 | 0.437 | 0.004 | 0.744 | 0.489 | 1.238 | 2.507 |
| Стоки и трансакции некласирани на друго место во СМТК | 0.004 | 0.050 | 0.042 | 0.110 | 0.015 | 0.029 | 0.000 | 0.000 |
| Вкупно | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 |

Во поглед на застапеноста на производите во размената, во структурата на извозот се застапени лекови за малопродажба од категоријата хемиски производи, чие процентуално учество во структурата на вкупниот извоз во Русија е 32% во 2006 и 33% во 2013 година, овошјето и зеленчукот од категоријата храна и живи животни, чие процентуално учество во структурата на вкупниот извоз во Русија во 2006 година е 6%, додека во 2013 година е зголемено на 27%, како и извозот на машини чие процентуално учество во 2013 година е 25%.

Увозот, пак, во Република Македонија од Русија за периодот 2006-2013 година, расчленет по категории на производи во апсолутни износи е прикажан во табела 4.

**Табела 4. Увоз во Република Македонија од Русија (во илјади долари)**

| **Производи** | **2006** | **2007** | **2008** | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Храна и живи животни | 117 | 3,797 | 2,894 | 56 | 379 | 387 | 385 | 88 |
| Пијалаци и тутун | 1 | 15 | 40 | 8 | 0 | 3 | 5 | 45 |
| Суровини (кои не се храна) освен гориво | 156 | 1,442 | 384 | 157 | 134 | 230 | 168 | 89 |
| Минерални горива, мазива и сродни производи | 550,652 | 592,320 | 897,335 | 470,484 | 521,932 | 630,470 | 313,517 | 125,124 |
| Животински растителни масла, масти и восоци | 493 | 2,453 | 10,372 | 8,658 | 1,709 | 0 | 3,764 | 0 |
| Хемиски и сродни производи | 748 | 2,295 | 2,620 | 9,162 | 4,591 | 2,684 | 3,475 | 4,098 |
| Производи класирани според материјалот | 15,030 | 29,321 | 12,070 | 2,801 | 4,621 | 30,949 | 32,043 | 29,136 |
| Машини и транспортни уреди | 2,167 | 5,563 | 5,295 | 3,486 | 18,701 | 12,286 | 8,488 | 4,428 |
| Разни готови производи | 190 | 796 | 967 | 227 | 432 | 1,566 | 234 | 493 |
| Стоки и трансакции некласирани на друго место во СМТК | 184 | 175 | 43 | 26 | 38 | 5,750 | 65 | 125 |
| **Вкупно** | 569,738 | 638,177 | 932,020 | 495,065 | 552,537 | 684,325 | 362,144 | 163,626 |

Согласно со податоците од Државниот завод за статистика презентирани во оваа табела, Македонија од Русија најмногу увезува нафта и масла добиени од битуменозни минерали, природен гас во гасовита состојба, плоснато валани производи од железо или нелегиран челик, други производи од железо од руда, друг камен јаглен, неагломериран, пропан течен.

Процентуалната застапеност на различните категории на производи во структурата на вкупниот увоз на Република Македонија од Русија е прикажана во табела 5.

**Табела 5. Увоз во Република Македонија од Русија (во проценти)**

| **Производи** | **2006** | **2007** | **2008** | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Храна и живи животни | 0.020 | 0.594 | 0.310 | 0.011 | 0.068 | 0.056 | 0.106 | 0.053 |
| Пијалаци и тутун | 0.017 | 0.002 | 0.004 | 0.001 | 0.000 | 0.043 | 0.001 | 0.027 |
| Суровини (кои не се храна) освен гориво | 0.027 | 0.225 | 0.041 | 0.031 | 0.024 | 0.033 | 0.046 | 0.054 |
| Минерални горива, мазива и сродни производи | 96.650 | 92.814 | 96.278 | 95.034 | 94.461 | 92.130 | 86.572 | 76.469 |
| Животински растителни масла, масти и восоци | 0.086 | 0.384 | 1.112 | 1.748 | 0.309 | 0.000 | 1.039 | 0.000 |
| Хемиски и сродни производи | 0.131 | 0.359 | 0.281 | 1.850 | 0.830 | 0.392 | 0.959 | 2.504 |
| Производи класирани според материјалот | 2.638 | 4.594 | 1.295 | 0.565 | 0.836 | 4.522 | 8.848 | 17.806 |
| Машини и транспортни уреди | 0.380 | 0.871 | 0.568 | 0.704 | 3.384 | 1.795 | 2.343 | 2.706 |
| Разни готови производи | 0.033 | 0.124 | 0.103 | 0.045 | 0.078 | 0.228 | 0.064 | 0.301 |
| Стоки и трансакции некласирани на друго место во СМТК | 0.018 | 0.033 | 0.008 | 0.011 | 0.010 | 0.801 | 0.022 | 0.080 |
| Вкупно | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 |

Во поглед на застапеноста на производите во размената, во структурата на увозот, најголемо процентуално учество бележат производите од категоријата минерални горива, мазива и сродни производи, кои во 2006 година бележат дури 96% од вкупниот увоз на Република Македонија од Русија, додека пак во 2013 година нивното учество е 76%, со оглед на фактот дека Република Македонија е енергетски увозно зависна земја.

## Компаративна предност во трговската размена меѓу Република Македонија и Русија

Предвидувањето на меѓународните трговски текови е едно од клучните прашања во економската теорија. Класичната трговска теорија почива на претпоставката дека правците на меѓународната трговија се детерминирани од компаративната предност. Според истата, земјата која поседува компаративна предност во производството на одреден производ, истиот треба да го извезува, а да ги увезува производите во чие производство е помалку продуктивна. На тој начин се создаваат предуслови за меѓународна размена. И покрај влијанието и корисноста на трговските теории, примената на теоретскиот концепт на компаративната предност во емипириските анализи е соочена со одредени тешкотии, особено кога се прават обиди да се измери компаративната предност во анализата на трговските перформанси.

Еден од првите обиди да се измери компаративната предност претставува индексот на компаративна предност креиран од страна на Balassa Bela во 1965 година, кој е најчесто користен индекс во анализа на компаративните предности (познат уште како Balassa's Index BI) [1, p. 112]. Иако овој индекс е доста често применуван за пресметка на компаративните предности, сепак со истиот се поврзани низа технички недоследности и проблеми, особено при споредба на добиените вердности. Поради тоа се направени бројни обиди за приспособување и трансформирање на овој индекс, како и предлози за алтернативни индекси за мерење на компаративната предност (како на пример, Bowen, 1983, Ballance et al., 1987, Vollrath, 1991, Dalum et al., 1998, Proudman and Redding, 2000, Laursen, 2000, Yu et al., 2009, Laursen, 2015).

Во овој труд, Балаша индексот е пресметан како однос меѓу учеството на одреден производ во извозот на земјата во друга земја, со учеството на тој производ во вкупниот извоз на земјата, со користење на Стандардната меѓународна трговска класификација т.е.:

$$BI = \frac{x_{ij}^k / X_{ij}}{x^k / X_j}$$

каде што:

$x_{ij}^k$ - извоз од земјата $i$ во земјата $j$ на производот $k$

$X_{ij}$ - вкупен извоз од земјата $i$ во земјата $j$

$x^k$ - вкупен извоз на производот $k$

$X_i$ - вкупен извоз од земјата $i$

Резултатите од пресметката со примена на Балаша индексот се прикажани во табела 6.

**Табела 6. Компаративна предност во трговската размена меѓу Република Македонија и Русија**

| Производи | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Храна и живи животни | 0.77523 | **1.44157** | **1.9562** | **1.2966** | **2.0308** | **3.984** | **3.0543** | **3.183** |
| Пијалаци и тутун | **1.1303** | **1.78584** | **1.1048** | 0.1823 | 0.27599 | 0.1404 | 0.9122 | 0.7151 |
| Суровини (кои не се храна) освен гориво | 0 | 0 | 0 | 0.0291 | 0 | 0 | 0.0178 | 0.1595 |
| Минерални горива, мазива и сродни производи | 0.00293 | 0.014806 | 0 | 0.013 | 0.00341 | 0.0069 | 0.0075 | 0 |
| Животински растителни масла, масти и восоци | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Хемиски и сродни производи | **7.7459** | **5.58167** | **5.2476** | **7.549** | **3.8074** | **1.99** | **1.9298** | 0.5141 |
| Производи класирани според материјалот | 0,0138 | 0.252308 | 0.5262 | 0.6191 | 0.56799 | 0.6942 | 0.6104 | **5.324** |
| Машини и транспортни уреди | **10.516** | **10.1232** | **7.1503** | **3.3674** | **2.9443** | **1.666** | **1.8965** | **7.042** |
| Разни готови производи | 0.01155 | 0 | 0.0196 | 0.0002 | 0.03475 | 0.0262 | 0.0636 | 0.4672 |
| Стоки и трансакции некласирани на друго место во СМТК | 0.03194 | 0.730369 | **1.0384** | **3.3145** | 0.15933 | 0.4036 | 0 | 0.2456 |

Резултатите од анализата ја потврдуваат реалната состојба. Имено, Република Македонија точно знае кои се нејзините компаративни предности на рускиот пазар. Произведува квалитетна храна за каква што има најмногу има потреба во Русија и тоа се производите на кои се става фокус во однос на извозот. За да се намали дефицитот потребно е да се искористат компаративните предности на македонските компании во однос на потребите на рускиот пазар. Русија е голем потрошувач на лекови, а истовремено и голем пазар за пласман на прехранбените производи. Македонската економија, од друга страна, има добар потенцијал во делот на хемиската индустрија, во производството на лекови и препарати, како и во производството и преработката на земјоделско-прехранбените производи, како што може да се види и од анализата. За да се поттикнат овие гранки, државата е подготвена да им помогне на фирмите за воспоставување соработка да формира дистрибутивни центри во Руската Федерација за македонските земјоделско-прехранбени производи, како и да помогне во нивната промоција преку саемски манифестации, изложби и слично. Во анализираниот временски период, компаративната предност на македонскиот извоз е континуирано присутна и во извозот на машини и транспортни уреди.

**Заклучок**

Глобализацијата на меѓународните економски процеси значајно влијае врз зајакнување на заемноста на националните економии. Република Македонија и Руската федерација исто така, се вовлечени во овој процес. Тие се дел од сложениот механизам на развојот на светската економија и играат своја одредена улога. Оттука, произлегува неопходност од севкупен развој и зајакнување на двостраните македонски-руско деловни односи.

Бидејќи Македонија може да понуди поголеми количини производи на рускиот пазар, неопходно е да се интензивира соработката преку отворање економски канцеларии за редовна соработка, како и создавање мешовити македонско-руски фирми преку кои ќе се интензивира извозот во оваа држава, а со тоа ќе следи и покривањето на традиционално високиот трговски дефицит. Според анализите на Македонско-руската стопанска комора, проблемот настанува поради фактот што на голем број на македонските производи им се губи идентитетот, односно тие во банката на податоци во статистиките на институциите од Руската Федерација можат да се најдат под туѓо знаме. Тоа се случува поради користење на посредни извозници од Србија како најпогодна земја поради спогодбата за слободна трговија, но и од Бугарија, која сепак нема спогодба за слободна трговија, по влезот во ЕУ, со Руската Федерација. Ваквата состојба може да се смени само преку постојани средби и преговори за добивање преференци за македонските производи, но и преку субвенционирање на конкурентните производи кои ја губат битката само поради царинските стапки.

Економската соработка, односно нивото на трговската размена со акцент на зголемување на извозот од Македонија за Русија, е од големо значење за натамошно унапредување на македонско-руските односи. Руската Федерација е една од целните земји од која се очекуваат инвеститори во наредниот период, а целните сектори се производство на автомобилски компоненти, информатичко-комуникациска технологија, земјоделство и преработка на храна, бизнис-услуги и аутсорсинг, фармацевтска индустрија и медицински помагала, енергетика и обновливи извори на енергија, туризам, градежништво и инфраструктура. Се реализираат големи заеднички проекти во енергетиката.

Русија може да биде вистински стратешки партнер на Република Македонија. Постојат сите услови и двете страни да извлечат максимален бенефит од економските релации. Дополнително со долгогодишното пријателство меѓу Македонија и Русија шансите за успех при реализација на проектите се огромни. Важна задача што треба да се направи меѓу двете земји е да се поправи огромниот трговски дебаланс, кој создава тежок дефицит за македонската економија, како и диверзификација на рускиот извоз во Македонија, структура која за жал во моментот повеќе од 90 отсто се однесува на јаглеродно енергенси. Поради тоа, неопходно е да се создаде можност за слободен – бесцарински третман на земјоделско-прехранбените производи од Република Македонија при извоз во Руската Федерација.

**Користена литература:**

1. *Balassa, B*. Trade liberalization and revealed comparative advantage. The Manchester School of Economic and Social Studies, 1965, 33, 99-123.
2. *Ballance, R. H., Forstner, H. & Murray, T.* 1987. Consistency tests of alternative measures of comparative advantage. *Review of Economics & Statistics,* 69**,** 157-161.
3. *Bowen, H.* 1983. On the theoretical interpretation of indices of trade intensity and revealed comparative advantage. *Review of World Economics,* 119**,** 464-472.
4. State statistical office of the Republic of Macedonia (2006). *Commodity international exchange of the Republic of Macedonia* [Online]. Available from: http://www.stat.gov.mk/Publikacii/7.4.8.01.pdf
5. State statistical office of the Republic of Macedonia (2007). *Commodity international exchange of the Republic of Macedonia* [Online]. Available from: http://www.stat.gov.mk/Publikacii/7.4.9.01.pdf

6. State statistical office of the Republic of Macedonia (2008). *Commodity international exchange of the Republic of Macedonia* [Online]. Available from: http://www.stat.gov.mk/Publikacii/7.4.10.01.pdf

7. State statistical office of the Republic of Macedonia (2009). *Commodity international exchange of the Republic of Macedonia* [Online]. Available from: http://www.stat.gov.mk/Publikacii/7.4.11.02.pdf

8. State statistical office of the Republic of Macedonia (2010). *Commodity international exchange of the Republic of Macedonia* [Online]. Available from: http://www.stat.gov.mk/Publikacii/7.4.12.02.pdf

9. State statistical office of the Republic of Macedonia (2011). *Commodity international exchange of the Republic of Macedonia* [Online]. Available from: http://www.stat.gov.mk/Publikacii/7.4.13.01.pdf

10. State statistical office of the Republic of Macedonia (2012). *Commodity international exchange of the Republic of Macedonia* [Online]. Available from: http://www.stat.gov.mk/Publikacii/7.4.14.01.pdf

11. State statistical office of the Republic of Macedonia (2013). *Commodity international exchange of the Republic of Macedonia* [Online]. Available from: http://www.stat.gov.mk/Publikacii/7.4.15.01.pdf

12. Dalum, B., Laursen, K. & Villumsen, G. 1998. Structural change in OECD export specialisation patterns: de-specialisation and 'stickiness'. *International Review of Applied Economics,* 12**,** 423-443.